Вест: 28. 12. 2010г.



# "Врати" отвора во МОБ

## ВЕЧЕРВА БАЛЕТСКА ПРЕМИЕРА НА ОЛГА ПАНГО



Вечерва на малата сцена на Македонската опера и балет, во 20 часот ќе се одржи премиерата на модерниот балет "Врати". Работен според идеја и кореографија на Олга Панго, "Врати" е приказна за уметноста, новите почетоци, заборавените вредности и за забранетата љубов.

Според Панго и режисерката Наташа Поплавска, "Врати" е отстапка, како од вообичаените сфаќања за модерниот балет така и од маркетиншкиот имиџ на МОБ. Имено, МОБ отсега во сите свои промотивни материјали, како што се плакатите, програмите и флаерите, ќе ги става актерите во прв план, наместо досегашната практика на истакнување на режисерите и кореографите. Самиот балет, пак, ќе вклучува, покрај танц, и поетско рецитирање, соло-пеење и музика во живо. Авторот на музиката Џенгиз Ибрахим, вели дека освен канунот како основен инструмент, ќе се користат и неконвенционални извори на звук - тропање на ориз, капење на вода и останати амбиентални звуци.

"Гледавме како да сплотиме различни изразни средства во едно ново видување на модерниот балет", објаснува Поплавска.

Во балетот играат Наташа Николова, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Георгиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии. Сценографијата и видеодизајнот се на Емил Петров, а костимите се на Марија Пупучевска.

*(А.С.)*

*Фото: В. Тануровски*